**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-366
21.08. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 98 став 2 од истиот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр.56/15), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3613/1 од 18.07.2019 година, поради непочитување на правилата за нови рекламни техники од страна на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3945/9 од 19.08.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, заради извршена повреда на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр.56/15), на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 3 јуни 2019 година, во изданијата на емисиите: „Вип на еден ден"; „Б. (Б со точка)"; „Фактор здравје"; „Во тек"; „Столчиња", и „Очи" в очи" – емитувани се поп – ап реклами на поделен екран меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути, и тоа:

- во емисијата „Вип на еден ден", со период на емитување од 01:50:05 до 02:23:13 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Aris/Legnino" во периодот од 02:18:24 до 02:18:32 часот, „Avto Cajka" во периодот од 02:18:58 до 02:19:18 часот, "Linea" во периодот од 02:19:20 до 02:19:29 часот, „Sara fashion", во периодот од 02:20:03 до 02:20:09 часот и „Swisslion" во периодот од 02:20:12 до 02:20:19 часот;
- во емисијата „Б. – Б со точка", со период на емитување од 02:23:45 до 03:18:02 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Fashion & friends" во периодот од 02:24:51 до 02:24:56 часот, „Мој термин" - МНТ во периодот од 02:26:32 до 02:26:41 часот, "Д-р Анчевски" во периодот од 02:26:50 до 02:27:01 часот, „Perpetuum mobile security", во периодот од 02:37:58 до 02:38:08 часот, „Тиквеш" во периодот од 02:41:11 до 02:41:21 часот, „Мој термин" - МНТ во периодот од 02:57:39 до 02:57:49 часот, „Д-р Анчевски" во перидот од 03:00:06 и 03:00:17 часот, „Тиквеш" во периодот од 03:04:25 до 03:04:34 часот, „Fashion & friends" во периодот од 03:10:10 до 03:10:15 часот, „Божиновски" во периодот од 03:10:21 до 03:10:28 часот и „Божиновски" во периодот од 03:11:15 до 03:11:22 часот;
- во емисијата „Фактор здравје", со период на емитување од 10:17:09 до 10:55:44 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Авицена" во периодот од 10:30:59 до 10:31:09 часот, „Ge 132 + natural" во периодот од 10:33:41 до 10:33:51 часот, "Ge 132 + natural" во периодот од 10:34:33 до 10:34:43 часот, „Dino moda", во периодот од

10:45:54 до 10:46:04 часот, „Евролинк“ во периодот од 10:46:42 до 10:46:52 часот и „Ge 132 + natural “ во периодот од 10:52:33 до 10:52:55 часот;

- во емисијата „Во тек“, со период на емитување од 11:01:51 до 12:08:12 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Max bicycles“ во периодот од 11:16:56 до 11:17:06 часот и „Stefaneli“ во периодот од 11:27:46 до 11:27:56 часот;
- во емисијата „Столчиња“, со период на емитување од 15:19:05 до 15:52:20 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Gulf“ во периодот од 15:19:17 до 15:19:27 часот и „Max bicycles“ во периодот од 15:19:32 до 15:19:42 часот;
- во емисијата „Очи в очи“, со период на емитување од 16:00:05 до 16:49:53 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Max bicycles“ во периодот од 16:01:01 до 16:01:11 часот и „Клиника Жан Митрев“ во периодот од 16:01:27 до 16:01:37 часот;
- во емисијата „Столчиња“, со период на емитување од 18:05:38 до 18:38:50 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Скопско пиво“ во периодот од 18:05:46 до 18:05:55 часот, „Max bicycles“ во периодот од 18:06:06 до 18:06:16 часот и „Клиника Жан Митрев“ во периодот од 18:30:35 до 18:30:45 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецفицирана е по наслов на емисија, почеток на емитување, крај на емитување и опис на прекршување во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3613/1 од 18.07.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 18 јули 2019 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 3-ти јуни 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.

Имено, на 3-ти јуни 2019 година, на програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 3 јуни 2019 година, во изданијата на емисиите: „Вип на еден ден“; „Б. (Б со точка)“; „Фактор здравје“; „Во тек“; „Столчиња“, и „Очи“ в очи“ – емитувани се поп – ап реклами на поделен екран меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути, и тоа: во емисијата „Вип на еден ден“, со период на емитување од 01:50:05 до 02:23:13 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Aris/Legnino“ во периодот од 02:18:24 до 02:18:32 часот, „Avto Cajka“ во периодот од 02:18:58 до 02:19:18 часот, “Linea“ во периодот од 02:19:20 до 02:19:29 часот, „Sara fashion“, во периодот од 02:20:03 до 02:20:09 часот и „Swisslion“ во периодот од 02:20:12 до 02:20:19 часот; во емисијата „Б. – Б со точка“, со период на емитување од 02:23:45 до 03:18:02 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Fashion & friends“ во периодот од 02:24:51 до 02:24:56 часот, „Мој термин“ - МНТ во периодот од 02:26:32 до 02:26:41 часот, “Д-р Анчевски“ во периодот од 02:26:50 до 02:27:01 часот, „Perpetuum mobile security“, во периодот од 02:37:58 до 02:38:08 часот, „Тиквеш“ во периодот од 02:41:11 до 02:41:21 часот, „Мој термин“ - МНТ во периодот од 02:57:39 до 02:57:49 часот, „Д-р Анчевски“ во перидот од 03:00:06 и 03:00:17 часот, „Тиквеш“ во периодот од 03:04:25 до 03:04:34 часот, „Fashion & friends“ во периодот од 03:10:10 до 03:10:15 часот, „Божиновски“ во периодот од 03:10:21 до 03:10:28 часот и „Божиновски“ во периодот од 03:11:15 до 03:11:22 часот; во емисијата „Фактор здравје“, со период на емитување од 10:17:09 до 10:55:44 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Авицена“ во периодот од 10:30:59 до 10:31:09 часот, „Ge 132 + natural“ во периодот од 10:33:41 до 10:33:51 часот, “Ge 132 + natural“ во периодот од 10:34:33 до 10:34:43 часот, „Dino moda“, во периодот од 10:45:54 до 10:46:04 часот, „Еуролинк“ во периодот од 10:46:42 до 10:46:52 часот и „ Ge 132 + natural “ во периодот од 10:52:33 до 10:52:55 часот; во емисијата „Во тек“, со период на емитување од 11:01:51 до 12:08:12 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Max bicycles“ во периодот од 11:16:56 до 11:17:06 часот, и „Stefaneli“ во периодот од 11:27:46 до 11:27:56 часот; во емисијата „Столчиња“, со период на емитување од 15:19:05 до 15:52:20 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Gulf“ во периодот од 15:19:17 до 15:19:27 часот и „Max bicycles“ во периодот од 15:19:32 до 15:19:42 часот; во емисијата „Очи в очи“, со период на емитување од 16:00:05 до 16:49:53 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Max bicycles“ во периодот од 16:01:01 до 16:01:11 часот и „Клиника Жан Митрев“ во периодот од 16:01:27 до 16:01:37 часот; во емисијата „Столчиња“, со период на емитување од 18:05:38 до 18:38:50 часот, емитувани се поп-ап реклами со наслов: „Скопско пиво“ во периодот од 18:05:46 до 18:05:55 часот, „Max bicycles“ во периодот од 18:06:06 до 18:06:16 часот и „Клиника Жан Митрев“ во периодот од 18:30:35 до 18:30:45 часот.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по наслов на емисија, почеток на емитување, крај на емитување и опис на прекршување во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3613/1 од 18.07.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип на 19.07.2019 година, испрати Допис наш арх.бр.03-366 од 19.07.2019 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3613/1 од 18.07.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники. Во предвидениот рок, односно на 05.08.2019 година, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип по пошта достави Изјаснување бр.03-814/2 од 01.08.2019 година (наш арх.бр.03-366 од 05.08.2019 година). Советот на Агенцијата на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 98 став 2 од истиот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/15), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување

по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-3613/1 од 18.07.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 19.08.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3945/9 од 19.08.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-3613/1 од 18.07.2019 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Одговорното лице на програмата во ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 18.07.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3613 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 јули 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа);

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 3 јуни 2019 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на членот 98, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*услови за рекламирање и телешопинг*), односно на **членот 14, став 4 од Правилникот за нови рекламни техники** (*рекламирање на поделен екран*).

Во изданијата на емисиите: *„Вип на еден ден“; „Б. (Б со точка)“; „Фактор здравје“; „Во тек“; „Столчиња“,* и *„Очи в очи“* - емитувани на 3 јуни 2019 година, емитувано е рекламирање на поделен екран, но така што меѓу две (поп-ап) реклами на поделен екран не поминува пропишаниот период од најмалку 15 минути. Според член 14 став 4 од Правилникот, меѓу две вметнувања реклами на поделен екран, треба да помине период од најмалку 15 минути.

| **Наслов на емисијата** | **Почеток на емитување** | **Крај на емитување** | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| **поп-ап реклами** | | | |
| **„Вип на еден ден“** | **01:50:05** | **02:23:13** | Во наведените емисии не беше почитувана обврската – меѓу две поп-ап реклами да помине период од најмалку 15 минути. |
| *Aris / Legnino* | 02:18:24 | 02:18:32 | |
| *Avto Cajka* | 02:18:58 | 02:19:18 | |
| *Linea* | 02:19:20 | 02:19:29 | |
| *Sara fashion* | 02:20:03 | 02:20:09 | |
| *Swisslion* | 02:20:12 | 02:20:19 | |
| **„Б. – *Б со точка*“** | **02:23:45** | **03:18:02** | |
| *Fashion & friends* | 02:24:51 | 02:24:56 | |
| *„Мој термин“ - МНТ* | 02:26:32 | 02:26:41 | |
| *Д-р Анчевски* | 02:26:50 | 02:27:01 | |
| *Perpetuum mobile security* | 02:37:58 | 02:38:08 | |
| *Тиквеш* | 02:41:11 | 02:41:21 | |
| *„Мој термин“ - МНТ* | 02:57:39 | 02:57:49 | |
| *Д-р Анчевски* | 03:00:06 | 03:00:17 | |
| *Тиквеш* | 03:04:25 | 03:04:34 | |
| *Fashion & friends* | 03:10:10 | 03:10:15 | |
| *Божиновски* | 03:10:21 | 03:10:28 | |
| *Божиновски* | 03:11:15 | 03:11:22 | |
| **„Фактор здравје“** | **10:17:09** | **10:55:44** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Авицена* | 10:30:59 | 10:31:09 | |
| *Ge 132 + natural* | 10:33:41 | 10:33:51 | |
| *Ge 132 + natural* | 10:34:33 | 10:34:43 | |
| *Dino moda* | 10:45:54 | 10:46:04 | |
| *Еуролинк* | 10:46:42 | 10:46:52 | |
| *Ge 132 + natural* | 10:52:33 | 10:52:55 | |
| **„Во тек“** | **11:01:51** | **12:08:12** | |
| *Max bicycles* | 11:16:56 | 11:17:06 | |
| *Stefaneli* | 11:27:46 | 11:27:56 | |
| **„Столчиња“** | **15:19:05** | **15:52:20** | |
| *Gulf* | 15:19:17 | 15:19:27 | |
| *Max bicycles* | 15:19:32 | 15:19:42 | |
| **„Очи в очи“** | **16:00:05** | **16:49:53** | |
| *Max bicycles* | 16:01:01 | 16:01:11 | |
| *Клиника Жан Митрев* | 16:01:27 | 16:01:37 | |
| **„Столчиња“** | **18:05:38** | **18:38:50** | |
| *Скопско пиво* | 18:05:46 | 18:05:55 | |
| Max bicycles | 18:06:06 | 18:06:16 | |
| Клиника Жан Митрев | 18:30:35 | 18:30:45 | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 98, став 2 од ЗААВМУ, и на членот 14, став 4 од Правилникот за нови рекламни техники**, на програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 3 јуни 2019 година, во емисиите: *„Вип на еден ден“; „Б. (Б со точка)“; „Фактор здравје“; „Во тек“; „Столчиња“* и *„Очи в очи“* - емитувани се поп - ап реклами на поделен екран меѓу кои не е поминат пропишаниот период од најмалку 15 минути.

## 9. Предлог мерка:

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за нови рекламни техники; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***